**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-499/17**

**Скопје, 10.09.2008 година**

## До
## Основен суд Куманово - Куманово

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Куманово - Куманово сметка приходи наплатени од органи (во понатамошниот текст Основен суд) за 2007 година кои се прикажани на страна 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Основен суд Куманово – Куманово - сметка приходи наплатени од органи за годината која и претходи на годината што е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

› Селвер Исмани - Претседател на Основен суд Куманово - Куманово.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 30.06.2008 година до 02.07.2008 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *10.1. Неправилна примена на акти*

10.1.1. Не е изработен Преглед на изречените и наплатени парични казни, трошоците за постапка и пленување на имотна корист, како прилог кон завршната сметка, што не е во согласност со член 345 од Судскиот Деловник. Некомлетноста на завршната сметка придонесува Основниот суд да не располага со податоци за степенот на наплатливост на изречените и наплатените парични казни, со што постои можност за нивно застарување и неможност за нивна наплата.

**Препорака:**
Изработката на Прегледот на изречените и наплатените парични казни, трошоците за постапка и конфискуваниот имот и имотна корист согласно член 345 од Судскиот Деловник да е составен дел на завршната сметка.

### *10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела*

10.2.1. При ревизијата на документацијата за одземени предмети, предмети употребени или наменети за извршување на кривично дело или што настанале со извршување на кривично дело или се добиени како награда за кривично дело, кои ќе послужат како доказ во кривичната постапката, или се пронајдени кај обвинетиот и не се знае на кого припаѓаат (сомнителни предмети), како и гаранциите во Основниот суд, констатирано е следното:

- евиденцијата за одземени предмети и вредности по кривични постапки е воспоставена за прв пат на ден 08.06.2007 година, со извршен попис на предметите затечени на тој ден во магацинот, без при тоа да се провери целокупната документација по судски предмети, со што би се потврдила комплетноста на одземените предмети евидентирани како почетна состојба, што не е во согласност со одредбите од Судскиот деловник за начинот на евидентирање, примање, чување, ракување на одземени предмети. Поради ваквиот начин на воспоставена евиденција ревизијата не изразува мислење за искажаните податоци за почетната состојба на денот на нивното евидентирање;



*ул: "Маршал Тито" - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

----------------------------

- одземените предмети кои поради својот обем или особености не се погодни за чување во Основниот суд, се чуваат во магацин на Агрокуманово ад Куманово, согласно склучен договор. Овие предмети Основниот суд не ги евидентира во Дневник на неготовински депозити кои се чуваат кај други органи (Образец СД бр.143) спротивно на член 329 и 330 од Судски деловник). Поради невоспоставена евиденција Основниот суд не располага со податоци за точниот број, вид и вредност на одземени предмети дадени на чување кај друг орган.

Исто така согласно склучениот Договор со Агрокуманово ад Куманово, во член 3 е наведено дека од вредноста на средствата остварени од продажба на предметите 20% се приход на Агрокуманово ад Куманово на име надомест за складирање, транспортирање, превоз и продажба на предметите, а остатокот од средствата се приход на Буџет на РМ, спротивно на член 219 од Законот за извршување на санкциите, согласно кој вкупниот износ на средствата остварени од продажбата се приход на Буџетот на РМ. Ревизијата смета дека со вака воспоставениот начин и условите за покривање на овие трошоци се врши прелевање на средствата од Буџетот на РМ на сметка на Агрокуманово ад Куманово, од причини што пред донесувањето на решението за складирање на овие предмети судот треба да побара од предлагачот за поведување на судска постапка да вложи аванс за покривање на трошоците за чување, кои трошоците по донесувањето на правосилната одлука се покриваат согласно истата;

- не е доставена комплетна евиденција за бројот, видот и количината на моторните возила и нивните делови, превземени и дадени на чување во Автомото сојуз на Македонија согласно Договор број 03-2740 од 23.06.1999 година склучен помеѓу Министерството за правда и Автомото сојуз на Македонија, од која може да се констатира состојбата на возилата на почетокот и крајот на годината, продажбата во текот на годината, уплатата на средствата на сметка на Буџет на РМ, поради што ревизијата не изразува мислење за законското постапување со истите.

Исто така, со Известување број 07-4762/1 од 16.07.2007 година од Министерство за правда основните судови се известуваат дека Договорот со Автомото сојуз на Македонија е раскинат, а одземените предмети ќе се превземат во Казнено поправен дом - Идризово - Отворено одделение Велес. Основниот суд не постапил по ова известување и не е извршен пренос на моторните и приклучните возила и нивните делови на новата локација;

- Продажбата, преотстапувањето и уништувањето на одземените предмети по донесување на правосилна пресуда (или во тек на постапката) се врши од страна на Комисија за продажба на предмети, надлежна и за уништување на одземени предмети. Од доставената документација за активностите на Комисијата, ревизијата го констатира следното:
    - предметите се продаваат и по цена пониска од 40% од евидентираната односно проценетата вредност спротивно на член 45 од Закон за користење и располагање со стварите на државните органи согласно кој .....„Кога недвижната/движна ствар .... не може да се продаде со јавно наддавање, може да се продаде со непосредна спогодба, при што вредноста ......може да се намали до 40% од вредноста објавена во огласот за првото јавно наддавање„... Ваквиот начин на утврдување на продажната цена на предметите има за ефект помал прилив на средства во Буџетот на РМ;



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* **Овластен Државен ревизор**
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

- има случаи кога средствата од извршената продажба со одлука на Председателот на судот се уплатени на сметката на Основниот суд, спротивно на член 219 од Законот за извршување на санкциите, согласно кој истите се приход на Буџетот на РМ. Вака воспоставената пракса овозможува незаконско користење на средствата од страна на Основиот суд;
- дел од актите за извршување на постапките за продажба, не се потпишани од сите членови на комисијата за продажба на предметите, спротивно на одредбите од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради што ревизијата неможеше да се увери во веродостојноста на извршените продажби;
- за определен број на извршени продажби на одземени предмети за кои нема евидентирана вредност ниту е извршена проценка на вредноста од страна на овластен проценител, вредноста се утврдува од страна на комисијата, спротивно на член 57 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, поради што постои можност од нереално утврдување на продажната вредност.

**Препорака:**

- Да се воспостави евиденција за одземените предмети на начин предвиден со член 254 од Судскиот деловникот. Примањето, чувањето, ракувањето и поништивањето (ликвидирањето) на предметите заведени во книгите на одземени предмети да се врши согласно одредбите во дел Дел петти од Судскиот деловникот, а извршувањето да е во согласност со Законот за извршување на санкциите.
- Одземените предмети кои поради својот обем или особености не се погодни за чување во Основниот суд, туку се чуваат кај други органи да се евидентира во Дневник на неготовински депозити кои се чуваат кај други органи (Образец СД бр.143), како и да се воспостави материјална евиденција на одземените предмети.
- Продажбата, преотстапувањето и уништувањето на одземените предмети по донесување на правосилна пресуда, да се врши согласно Законот за користење и располагање со стварите на државните органи. Исто така утврдената продажна цена на овие предмети да не е пониска од законски дозволената, средствата остварени со продажба во целост да се уплаќаат во Буџетот на РМ, а Комисијата за продажба своите активности да ги поткрепи со комлетна документација, потпишана од сите учесници во активностите.
- Да се изврши пренос на моторните и приклучните возила и нивните делови во Казнено поправен дом - Идризиво - Отворено одделение Велес, по претходно усогласување со Автомото сојуз на Македонија за состојбата на истите.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, наодите од Претходниот извештај на Основен суд Куманово – – сметка за редовно работење од точките 10.1.1, 10.2.2, 10.3.2, 10.3.3, 10.3.5 и 10.4.1., како и точката 13 се исти и во овој извештај.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.1., 10.2. и 11. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Куманово – Куманово – сметка приходи наплатени од органи на ден 31 Декември 2007 година и резултатот од финансиските



*ул: “Маршал Тито” - 12/3* *Овластен Државен ревизор*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311* ----------------------------

активности за годината која завршува со тој датум согласно со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.1., 10.2. и 11. кај Основен суд Куманово – Куманово – сметка приходи наплатени од органи не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

14. Ревизијата има за обврска да обелодени:

За превземање, присобирање и чување на моторните возила и нивните делови кои привремено или конечно се одземени од страна на судовите во РМ, нивната евиденција, продажба и распределба на приходите, Министерството за правда случил Договор број 03-2740 од 23.06.1999 година со Автомото сојуз на Македонија, кој е во важност до 16.07.2007 година.
Во член 24 од договорот е наведено дека средствата остварени од продажба на возилата се распределуваат и тоа: 22% му припаѓаат на Автомото сојуз на Македонија на име надомест за вршење на работи на превземање, присобирање, чување и продажба на моторни и приклучни возила и нивни делови, а остатокот од средствата се распоредуваат на начин утврден по налог на Министерот за правда.

Ревизијата смета дека договорот е склучен спротивно на законската регулатива од причини што:

- согласно глава XXIV Одземање на предмети и член 260 од Законот за извршување на санкции („Службен весник на Република Македонија„ бр.03/97), ......„парите добиени од продажба на одземените предмети во постапката за извршување на мерката на безбедност се внесуваат во Буџетот на Република Македонија„......
- во член 313 и 314 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија„ бр.09/97) е наведено дека пред да се донесе одлука за чување на предметот кај некој друг орган, судот ќе побара предлагачот на судската постапка да вложи аванс за покривање на трошоците за чување,

од што произлегува дека склучен е штетен договор во делот на висината на средствата за покривање на трошоците околу превземањето, чувањето и продажбата на моторни и приклучни возила поради утврдување на паушален процент за нивна надокнада во корист на Автомотосојуз на РМ. Исто така ревизијата смета дека со вака воспоставениот начин на наплата на овие трошоци се врши прелевање на средствата од Буџетот на РМ на сметка на Автомото сојуз на Македонија.

**Овластен државен ревизор**

**Скопје, 04.09.2008 година**



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

**Средства од судски буџет**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007** | **2006** |
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 1,672 | 2,233 |
| Трансфери и донации | 24 | 25 |
| **Вкупно приходи** | **1,696** | **2,258** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 1,687 | 2,230 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,687** | **2,230** |
| **Вкупно расходи** | **1,687** | **2,230** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **9** | **28** |

**Основен суд Куманово**

**Средства од судски буџет**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2007_** | **2006** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 9 | 42 |
| **Вкупно тековни средства** | **9** | **42** |
| **Вкупна актива** | **9_** | **42** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 0 | 2 |
| Краткорочни финансиски обврски | 0 | 5 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 0 | 11 |
| Пасивни временски разграничувања | 9 | 24 |
| **Вкупно тековни обврски** | **9** | **42** |
| **Вкупна пасива** | **9_** | **42** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------